До Државната комисија за спречување на корупцијата преку контакт формата на web страна на Државната комисија, доставено е Барање за информација.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Со член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се предвидени забрани за вршење на други дејности кај избраните и именуваните лица и тоа:
„(4) Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.“

Согласно член 49 став (1) и (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:
„(1) Избрано или именувано лице не може да биде член на управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и сите други правни лица со доминантен државен капитал, освен ако со закон не е поинаку утврдено.
(2) Вработен во јавниот сектор, може да биде член во еден управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и други правни лица со доминантен државен капитал.“

**Имено, согласно цитираните одредби постои забрана за вршење на други дејности, по што Државната комисија смета дека лице може да извршува само една од двете наведени функции, или член на Надзорен одбор при**

**Општинската јавна установа за социјална заштита на стари лица или член на Управен одбор во Јавно претпријатие.**

Државната комисија известува дека доколку горенаведените функции се извршуваат во исто време настанува прекршување на забраните предвидени со член 44 од  Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:  „(1) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службено лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал доколку:
- спротивно на членот 44 врши некоја друга функција, должност или дејност што е неспојлива со неговата функција."

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk